# КАЗНЕНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИЗБОРИТЕ И ГЛАСАЊЕТО

Судија
д-р.Габриела Гајдова
Основен суд Велес

# ИЗБИРАЧКО ПРАВО





# ОСОБЕНОСТИ НА ИЗБИРАЧКОТО ПРАВО

- \- општост
- \- еднаквост
- \- непосредност и
- \- тајност

# Кривични дела против изборите и гласањето - карактеристики

- Спречување на избори и гласање, (член 158 од КЗ)
- Повреда на избирачкото право, (член 159 од КЗ)
- Повреда на слободата на определување на избирачите, (член 160 од КЗ).
- Злоупотреба на избирачкото право, (член 161 од КЗ).
- Поткуп при избори и гласање, (член 162 од КЗ).
- Повреда на тајноста на гласањето, (член 163 од КЗ).
- Уништување на изборен материјал, (член 164 од КЗ).
- Изборна измама (член 165 од КЗ) и
- Злоупотреба на средставата за финансирање на изборната кампања (чл.165-а).
- Противзаконито располагање со буџетски средства за време на избори (чл.165-в)

# Кривични дела против изборите и гласањето - карактеристики

Според објектот на заштита, може да се поделат на две групи:

- дела против изборниот систем (чл.158, 161,1161-165, 165 а, б и в)
- дела против избирачкото право (чл.159, 160 и 162)

# Кривични дела против изборите и гласањето - карактеристики

Делата се умислени. Нивната субјективна страна не опфаќа никаква посебна намера или мотив така што тие се ирелевантни: сосема е сеедно дали некое од нив се врши од политички мотиви, користољубие и сл.

# Спречување на избори и гласање (чл.158)

- Делото го врши тој што со употреба на сила, сериозна закана или на друг начин оневозможува или спречува одржување на избори или гласање, или го оневозможува или спречува утврдувањето или објавувањето на резултатите од гласањето.

# Спречување на избори и гласање (чл.158)

- Објект на заштита претставува изборната постапка нејзиното слободно и непречено одвивање од започнувањето на изборниот процес до неговото завршување.
- Инкримирано е при тоа само насилното спречување на изборите и на гласањето.
- Дејствие на извршување преставува оневозможувањето или спречувањето на изборите и гласањето со употреба на сила, сериозна закана или на друг начин.
- За постоење на делото не е нужно да дојде до настапување на последица во вид на неодржување на изборите или гласањето

# Повреда на избирачкото право (чл.159)

- Објект на заштита е активното и пасивното избирачко право
- Дејствие на извршување е лишување на друг од (активно или пасивно) избирачко право; покрај незапишувањето или бришењето, такво дејствие може да е и секое друго ненасилно спречување на друг да го врши своето избирачко право
- Сторител може да е само член на ИО, изборна комисија, одбор за спроведување референдум или друго слжбено лице кое го презема дејствието на извршување во вршењето на службата вв изборите или гласањето - delicta propria.
- Дејствието на извршување од став 2, се состои во внесување во избирачки список или листа на кандидати на лице кое нема такво право.

# Повреда на слободата на определување на избирачите (чл.160)

- Објект на заштита е слободата на определување на избирачот: да се кандидира или да не се кандидира, да гласа или да не гласа, како и за кого ќе гласа.
- Делото од ст.1 го врши тој што со употреба на сила, сериозна закана, измама или на друг начин, ќе присили или ќе спречи друг  да го врши, да не го врши или како да го врши избирачкото право.
- Потежок облик, квалификаторна околност е својството на извршителот како член на изборен орган  или друго службено лице во вршењето на службата вв изборите и гласањето.

# Злоупотреба на избирачкото право (чл.161)

- Објект на заштита е изборниот систем
- Делото има два облика:
- гласање наместо друг или гласање повеќе од еднаш (став 1) и
- земање учество на изборите или гласањето на лице кое знае дека нема избирачко право (став 2)
- Исклучок в.в. ставот 1 е пропишан во Изборниот законик (чл.112)
- За ова кривично дело казнив е обидот

# Поткуп при избори и при гласање (чл.162)

- Се инкриминира активното и пасивното поткупување
- Објект на заштита кај ова кривично дело е определен изборниот систем

# Повреда на тајноста на гласањето (чл.163)

- Дејствие на извршување од ставот 1 е секое дејствие со кое се повредила тајноста било на самото гласање било на неговте резултати
- Потешко се казнува повредата на тајноста што ја врши член на ИО или друго службено лице во вршењето на службата в.в. изборите или гласањето.
- Дејствие на изршување од ставот 3 е издејствувањето од лице со избирачко право да открие дали и како се гласало, со употреба на сила, сериозна закана, искористување на службена, работна или економска зависност, што подразбра изнудување на одлука за повреда на тајноста на гласањето спротивно на неговата волја.
- Делото не постои ако некој без никаква присилба или зависност од друг јавно соопшти дали и како гласал.

# Уништување на изборен материјал (чл.164)

- Објект на заштита е сигурноста и веродостојноста на изборниот материјал што служи како доказ за легалноста на избрите или гласањето
- Објект на дејствието е изборен материјал: исправа, книга или спис што служи за изборите или гласањето
- Дејствие на извршување на делото од став 1 е уништување, прикривање, оштетување, преправање или на друг начин сторување неупотреблива таква исправа
- Потешко се казнува извршувањето на делото од страна на член на ИО, изборна комисија, одбор за спроведување референдум или друго службено лице во вршењето на службата во врска со изборите или гласањето или ако делото е сторено од група, со употреба на оружје или насилство.

**Однос помеѓу кривичните дела Уништување на изборен материјал од чл.164 од КЗ од една страна и кривичните дела Фалсификување службена исправа од чл.361 од КЗ и Фалсификување исправа од чл.378 од КЗ:**

Делото од чл.164 од КЗ – Уништување на изборен материјал е lex specialis во однос на кривичните дела Фалсисикување исправа од чл.378 од КЗ или Фалсификување службена исправа од чл.361 од КЗ.

# Изборна измама (л.165)

- Дејствието на извршување на ова дело се состои во фалсификување на резултатите од изборите
- Објект на заштитита е изборниот систем, објективноста на изборниот процес
- Делото постои независно од тоа дали бројот на додадените или одземените гласови влијае на конечниот изборен резултат
- Делото го врши член на ИО, или друго службено лице во вршењето на службата вв изборите или гласањето
- Делото може да е извршено од започнување на гласањето до објавување на резултатите

# Задолжително изрекување на казната забрана за вршење на професија, дејност или должност

## Член 165-б

- За кривичните дела од членовите 158 до 165-а на Кривичниот законик судот ќе му изрече на сторителот забрана за вршење на професија, дејност или должност под условите од членот 38-б од овој законик. (Сл. Весник на Р. Северна Македонија бр.114/09 од 14.09.2009 година)

# ЗАКЛУЧОК

Легалното спроведување на изборите и на изборниот процес значи регуларност на самите избори.

Легитимноста како категорија зависи токму од регуларноста на изборите.

За да се спроведат регуларни избори треба органите кои се надлежни за спроведување на изборите и гласањето да постапуваат професионално и во согласност со законот, остварување на максимална правна заштита на избирачкото право, постоењето на силна правна рамка која ја уредува оваа материја, дефинирање и определување на дејствија што значат повреда на изборите и гласањето и нивно инкриминирање во КЗ.

Казнено – правната заштита исто така неопходно бара и постоење на функцинално јавно обвинителство, професионална полиција и секако независно и непристрасно судство.

# СУДСКА ПРАКСА

# Опис на обвинение и правната квалификација?

Обвинетиот Петре Петровски во својство на Градоначалник на Општина Марс на 09.12.2016 година околу 13,30 часот, два дена пред парламентарните избори, во својата канцеларија во зградата на Општината, на лицето Никола Николовски и на уште две НН женски лица кои имаат избирачко право, со намера да го придобие нивниот глас, во корист на партијата Уран, на која е член, од фиоката на работното биро извадил три банкноти од по 1.000,00 денари, им ги дал како подарок, а вкупно 3.000,00 денари, која вредност е помала, а истите се потпишале на бел лист хартија и притоа обвинетиот им рекол: „ние сме за да си помогнеме еден со друг и да гласаат за Уран.“

.

Со опишаното дејствие обвинетиот сторил кривично дело Поткуп при избори и гласање од чл.162 ст.3 в.в. ст.1 в .в. Чл.45 од КЗ

# БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО





М-р. Габриела Гајдова
Судија
Основен суд Велес